Поаѓајќи од универзалноста и уставната загарантираност на правото на образование, домашната и меѓународната легислатива, судската пракса на Европскиот суд за човекови права, а имајќи ја предвид утврдената фактичка состојба и моменталната пракса на релевантните државни институции, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на чл. 28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација упатува

**ОПШТА ПРЕПОРАКА**

**Комисијата за спречување и заштита од дискриминација им препорачува на Министерството за образование и наука и Управата за извршување санкции да обезбедат системски, одржлив и континуиран пристап до задолжително образование на сите осудени лица или деца на кои им е изречена заводска воспитна мерка - упатување во воспитно-поправен дом, за време на извршување на казната затвор или заводската мерка.**

Основната функција на казнено-поправните и воспитно-поправните установи е процесот на ресоцијализација на осудените лица. Целта на извршувањето на казната затвор е оспособување на осудените лица да се вклучат во општеството со најдобри изгледи за самостоен живот. Целта на извршувањето на воспитните мерки е заштита, образование, воспитување и превоспитување, социјализација, помош и грижа за децата за да се обезбеди правилен развој на нивната личност. Оттука, пристапот до задолжително образование на сите осудени лица или деца на кои им е изречена заводска воспитна мерка - упатување во воспитно-поправен дом, е клучно за да се исполнат целите на затворската казна и извршувањето на воспитните мерки, а воедно и за исполнување на основната функција на казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

Правото на образование е уставно загарантирано и фундаментално човеково право. Членот 44 од **Уставот** на Р.С. Македонија пропишува дека секој има право на образование. Образованието е достапно за сите под еднакви услови. Основното образование е задолжително и бесплатно.

Согласно член 3 од **Законот за средно образование**, средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови утврдени со овој закон.

Согласно чл. 173 од **Законот за извршување на санкции** во установите се организира образование како дел на општиот систем на образование и воспитување. Образованието на осудените лица може да се организира во самата установа или во местото на седиштето на установата. Министерството за образование и наука на предлог на Управата го организира и финансира образованието на осудените лица.

Согласно член 2, став 1 од **Конвенцијата за правата на детето на ООН,** чиј потписник е и Р.С. Македонија, државите членки на Конвенцијата се обврзуваат да ги почитуваат и да ги обезбедуваат правата на секое дете содржани во Конвенцијата под нивна јурисдикција без било каква дискриминација и без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вероисповед, политичко или друго убедување, национални, етничко или социјално потекло, имотна

состојба, попреченост, раѓање или друг статус на детето. Член 28 од истата Конвенција пропишува дека државите членки на Конвенцијата го признаваат правото на образование на секое дете.

Согласно чл. 26 од **Универзалната декларација за човекови права,** секој има право на образование. Образованието ќе биде бесплатно, барем на ниво на основно образование. Основното образование ќе биде задолжително. Техничкото и стручното образование ќе бидат општо достапни, а пристапот кон високото образование ќе биде достапно за сите врз основа на заслужените оценки. Образованието ќе биде насочено кон целосниот развој на човековата личност и кон зајакнување и почитување на човековите права и основни слободи. Со него ќе се унапредува разбирањето, толеранцијата и пријателството меѓу сите народи, расни и религиозни групи и ќе се унапредуваат активностите на Обединетите нации за одржување на мирот. Родителите имаат првенственото право да го изберат видот на образованието што ќе им биде дадено на нивните деца.

Согласно **Законот за спречување и заштита од дискриминација**, чинот на дискриминација може да биде направен со несторување, односно пропуштање нешто да се стори, засновано на дискриминаторска основа, што ќе резултира со исклучување во уживањето или остварувањето на одредени права на одредено лице или група лица во споредба со други. Во конкретниот случај, доколку посочените државни институции, како надлежни институции за организирање на образовниот процес во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, не им овозможат пристап до образование на сите осудени лице или деца на кои им е изречена заводска воспитна мерка - упатување во воспитно-поправен дом, заради нивниот личен статус, ваквото пропуштање ќе значи директна продолжена дискриминација. Член 6, ст. 1 од овој закон ја дефинира дискриминацијата како секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Член 8, ст. 1 од овој закон пропишува дека директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа. Член 13 од истиот закон ги дефинира потешките облици на дискриминација, меѓу кои е содржана и продолжената дискриминација, која се дефинира како дискриминација што е вршена врз едно лице или група непрекинато, во подолг временски период.

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата има законска надлежност да го следи спроведувањето на општите препораки што ги упатува по сопствена иницијатива.

Скопје
27.03.2023

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr 08-261/1
27-03-2023 20 год.-viti

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери